# ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

# Е-БИЛТЕН

**Организација на жените на општина Свети Николе и понатаму продолжува активно да работи и да прави промени во заедницата**

**Доколку сакате да ги поддржете нашите активности можете да направите уплата на сметка: 270000000911687 или да не контактирате преку следниве**

## КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ:

032 444 620

info@womsvetinikole.org.mk
womsvetinikole@yahoo.com

www.womsvetinikole.org.mk

ул. Ленинова број 1-1/4 П.Фах 13 2220 Свети Николе

facebook.com/womsvetinikole

instagram.com/ozo_svnikole

ОЖОСВН, како дел од мрежа НИКА, беше дел од розевата прошетка во октомври-месец за подигање на свест против рак на дојка





Да ја запознаеме пошироката јавност со достапните права како пациенти, а воедно и да го обележиме крајот на месец Октомври- месец за борба против рак на дојка, ОЖОСВН одржа трибина на тема „Здравствената заштита е право, а не привилегија“.



ОЖОСВН одржа форуми за млади девојки во Виница, Свети Николе и Кавадарци – за да ги запознаеме поблиску со женските човекови права, родовата еднаквост и како да станат активни општествени чинители кои прават позитивни промени.










## Активности по повод 16 дена активизам

Трибина "Родово базирано насилство и институционално постапување" во соработка со КЕМ





Работилница во с.Иванковци на тема Родово-базирано насилство

Трибина „Родово-базирано и врсничко насилство“ одржана на ученици од средното училиште „Кочо Рацин“.






Линк до видео: Прекини го молкот!
Кажи НЕ на насилството
**https://www.facebook.com/womsvetinikole/videos/2227290904099046**

## Стекнување знаења и вештини за унапредување на локалните политики од родова перспектива

На 26.10 и 02.11. се одржаа две еднодневни работилници за стекнување знаења и вештини за унапредување на локалните политики од родова перспектива на која што присуствуваа членки на мрежа НИКА, членови на совет на општина Свети Николе и локална администрација.








Средба за вмрежување, соработка и споделување искуства помеѓу Локалните економско-социјални совети како клучни за поставување социјален дијалог. Активноста беше реализирана во соработка со Општина Свети Николе и ОЖОСВН како партнер организација во проектот „Унапредување на социјалниот дијалог во заедницата“ во реализација на МКЦ Битола, а финансиски поддржан од Меѓународниот Центар Олоф Палме од Шведска.

## Канцеларијата за бесплатна правна помош и психо-социјална поддршка продолжува и понатаму активно да работи









# Реализирана иницијатива покрената од жените во с.Иванковци

Како резултат на иницијативноста на жените од с.Иванковци на 18 октомври 2022г. се реализираше локална акција, каде беа поставени клупи за седење кај детско игралиште во центарот на селото.
Во рамки на оваа активност, а со цел да ги промовираме локалните механизми за родова еднаквост на општина Велес, на самата акција присуствуваа координаторката за еднакви можности меѓу мажите и жените на општина Велес – Билјана Вељанова и нејзина заменичка – Родна Трајковска.





## Млади медиуми

Во рамките на проектот „Млади Медиуми“, спроведуван од страна на Коалиција на младински организации СЕГА се одржа обука каде нашата волонтерка, Стефанија Арсова зеде учество, а со цел да стекне знаења за понатамошниот процес каде беше вклучена како модераторка на фокус група во Свети Николе.
Оваа фокус група се оддржа во просториите на ОЖОСВН, а темата беше Млади и медиуми. На истата, учесниците, имаа можност отворено да зборуваат и да ги искажат своите ставови и мислења за медиумската писменост и медиумските навики.





**Одржана трибина на тема “Женска солидарност во политиката” на која присуствуваа жени од различни политички партии.**

**Одржана трибина во с.Ерџелија на тема Родово-базирано насилство каде жените на самата трибина имаа можност да се запознаат со различните видови на родово-базирано насилство**



# ОЖОСВН креира програма за 2023



Во периодот од 08 до 10 декември, беше реализирана работилница за евалуација на работата на ОЖОСВН за 2022 година и креирање на Програма за работа за 2023 година. ОЖОСВН и во наредната година останува посветена кон остварување на зацртаните стратешки цели во своите програми за работа и потребите на своите целни групи.



Виктори ви подготви неколку информативни видеа кои можете да ги погледнете на нашите социјални медиуми и да дознаете повеќе за човековите права, дискриминацијата и феминизмот.

- https://www.facebook.com/womsvetinikole/videos/540972124270755
- https://www.facebook.com/womsvetinikole/videos/666536538348450
- https://www.facebook.com/womsvetinikole/videos/1368090277263012




Групата за самопомош и во овој квартал одржуваше активни средби и вежби на повеќе теми:

- Вежби со групата - 15.11.2022
- Работилница - Влијание на емоциите врз внатрешните органи - 23.11.2022
- Работилница - Ајде да зборуваме за љубовта, љубов кон себе, љубов кон другите - 06.12.2022







# Меѓународни денови одбележани во овој квартал:

- Меѓународен ден на руралната жена
- Светски ден на менталното здравје
- Меѓународен ден за елиминација на насилство врз жените
- Мовембер
- Меѓународен ден на толеранцијата
- Меѓународен ден на волонтерството
- Меѓународен ден на човекови права












Признание за волонтерка на годината доби Елена Трајкова за својот несебичен волонтерски придонес во работата на организацијата

## **Среќни празници, продуктивна, позитивна и радосна Нова година, Ви посакува тимот на ОЖОСВН**

